# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Борозан, Ристе Бислимовски, Зоран Шапуриќ, Илјаз Халими, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Никола Груевски, Абдулади Вејсели, Орданчо Тасев, Емилија Костадинова, Славица Станковска, Иван Стоиљковиќ, Али Ахмети, Теута Арифи, Трифун Костовски, Ѓорѓи Оровчанец и Ванчо Георгиев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата притиснати копчиња има 56, но во случај некој да заборавил, ги молам службите да го потврдат овој број.

Во салата се присутни 51 пратеник и барем пратениците што ги ставиле картичките ги молам да влезат во салата.

Во моментот имаме точно 61 пратеник и затоа уште еднаш ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Продолжуваме со 14-тата точка од дневниот ред:**

**Предлог за донесување на закон за правата на претседателот на Република Македонија  и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон.**

Собранието на Република Македонија  го усвои Предлогот за донесување на закон за правата на претседателот на Република Македонија  и неговото семејство по престанување на функцијата.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против, а во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Марија Којзеклиска, поднесе амандмани за бришење на членот 6 и членот 8, по кои Владата не се произнела.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на насловот на Глава III член 16 став 2 и на член 19, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по Амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Она што го кажав на Законодавно-правна комисија ќе го повторам и сега, со оглед на тоа дека овој член гласи вака:

“Претседателот на Република Македонија  на кого му престанала функцијата, согласно член 2 став 1 од овој закон, учествува на државни свечености и манифестации редоследно по претседателот на Република Македонија,

претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Уставниот суд на Република Македонија".

Сметам дека ова е премногу протоколарен член за да стои во Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство.

Се надевам дека сепак пратениците ќе го изгласаат амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 14 пратеници гласале за амандманот, 2 воздржано и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Аманднам **II**:

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Глава III, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 24 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржан и 34 против амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

За збор се јави пратеникот Зоран Томиќ, повелете.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Многу кратко, почитуван претседателе.

Согласно оние дискусии кои ние ги имавме, а бидејќи амандмански не интервениравме во законски предвидениот рок, согласно вашето напатствије дека амандманите се поднесуваат најдоцна до 26 јуни, на предлагачот како една сугестија за во иднина, му предлагам во членот 12, после ставот 3 да се додаде нов став 4, кој би гласел:

"Брачниот другар ваквото право од член 12 став 1 и 3 го губи доколку склучи нов брак".

Тоа е еден предлог, со тоа што ставот 4 во Предлогот на законот станал став 5, а исто така сум на мислење, а предлагачот нека оцени, и не мора денес да

интервенира туку може и понатаму со измени на Законот, после членот 17 став 1 да се додаде нов став 2, кој би гласел:

“Правата утврдени во овој закон престануваат во случај на трајна душевна болест на брачниот друга и во случај некои од членовите на семејството го смени трајно своето живеалиште надвор од границите на Република Македонија “.

Во оваа фаза може да бидат само како размислувања овие предлози.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор гос подинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Сакам да обрнам внимание на членот 14 од овој закон. Еве, не успеавме да го измениме текстот кој е овде предложен. Тука станува збор за еднократен паричен надоместок по основ на нематеријална штета, чија висина ја утврдува Владата на Република Македонија. Овој став содржан во законот претпоставувам дека е внесен во Законот поради фактот што покојниот претседател Борис Трајковски, немал животно осигурување, кое за функционери од тој ранг е посебно и во секоја земја тоа го има. Не верувам дека во некоја средена земја на овој начин би се давал некој надоместок на семејството за нематеријална штета. Меѓутоа, овој став во наши услови има смисла, има реална основа, но треба да го приближиме до практиката на сите земји. Барем да кажеме - тоа е моја сугестија до предлагачот, кој може и сега да даде амандман - дека износот на овој надоместок е приближно колку што изнесува вредноста на премијата за животно осигурување на личности од овој ранг. Тоа да се прилагоди на наши услови, но да има некоја логика и да се знае дека државата пропуштила да го осигура, државата на која и служел, за жал, и сега не го осигурува сигурно новиот претседател. Треба да научиме како држава дека имаме обврски не на овој начин, откако ќе се случи несреќа и ќе констатираме дека таква личност нема, обично вообичаено за такви личности, редовно животно осигурување. Верувам нема ни претседателот на Собранието, ни претседателот на Владата. Мислам дека тоа е неодржлива состојба.

Затоа, предлагам понатаму, ако нема друг начин со закон да се уреди, сепак државно осигурување да имаат тие личности, затоа што извршуваат такви функции кои ги изложуваат на одредени ризици. Животно осигурување треба да имаат од

таков караактер. Тие не се како обичните вработени, не се како другите обични функционери во државата и тн. По мое мислење таа материја треба со закон да се уреди бидејќи не е уредена и му предлагам на предлагачот овде да внесе една измена и дополнување овој надомест да биде фактички надомест на таа премија која би му следувала кога државата животно би го осигурала него. Тоа е изводливо и може да се најде формулација. Ако треба, можеме да почекаме со една пауза од 10 минути да поразговараме. Тоа треба да дојде како предлог од Владата. Тоа не е работа само на еден пратеник. Важно е да го предочиме само принципот, инаку, формулација по такво прашање треба да биде дадена од Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Андов.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 пратеник гласал за, воздржано 1 и против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.

**Преминуваме на 15 - тата точка:**

**Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Ги информирам пратениците дека согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Тоа треба да го имаме на ум.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за правда, господинот Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитувани дами и господа пратеници,

Би сакал само накратко да ја изнесам потребата од донесувањето на овие измени на Законот за избор на пратеници.

Иако сите знаеме дека нашиот изборен систем е регулиран од повеќе закони, сепак со Законот за избор на пратеници се воспоставува изборната администрација како услов за спроведување на сите видови избори, па така и на референдум на државно ниво.

Со Законот за избор на пратеници се востановува и Државната изборна комисија како највисоко изборно тело во Република Македонија со свои надлежности, кои овозможуваат непречено остварување на изборниот процес во државата. Ако се има предвид статусот на Комисијата, воспоставена со овој закон, се доведува во прашање нејзината работа во неизборниот период, со што во голема мера придонесува за губење на континуитетот на работата на Државната изборна комисија, несоодветно презентирање на истата на домашен и меѓународен план, но исто така и неможноста на извршување на нејзините со закон утврдени надлежности поради немање постојани финансиски средства за нејзината работа, но и поради кадровската неекипираност.

Поради ова што го нагласив е неопходно да се направат измени во делот на Законот со кој се регулира статусот на Државната изборна комисија, а со тоа да се создадат и правните претпоставки за функционирање на истата како основа за кадровско екипирање и функционирање на Секретаријатот, кој исто така е предвиден со постојниот закон за избор на пратеници.

Поради тоа, Владата со овој предлог предлага да се обезбедува регулирање на статусот на Државната изборна комисија, како највисоко изборно тело, но и се создава правна основа за обезбедување на административно-стручна и техничка поддршка на Комисијата преку формирање на Секретаријатот, односно создаваме правни претпоставки за да може Секретаријатот на Државната изборна комисија да функционира.

Поради овие причини му предлагам на Собранието да го разгледа и донесе предложениот закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да се вклучам во дискусијата. Имено, со овој закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија практично има две битни измени. Едната е тоа што секретарот, кој што е дефиниран во постојниот закон во членот 12 став 4, нема да го

именува Собранието како што е тоа досега и второ, тоа што Државната изборна комисија станува правно лице.

Во однос на втората измена, Државната изборна комисија да биде правно лице, сметам дека е вред, со што на Државната изборна комисија ќе и се овозможи професионална работа. Меѓутоа, вработените, претседателот, секретарот и заменик секретарот, би требало да бидат професионално вработени во таа Државна изборна комисија, како што е случајот во Канада и Турција, каде што некогаш претседателот на Државната изборна комисија и по 20 и повеќе години е претседател на таа Државна изборна комисија и одреден број членови, така што имаме континуитет.Би имале и тие континуитет во функционирањето на таа изборна комисија, така што сите искуства од претходните изборни периоди би биле земени предвид и во наредните. Кај нас речиси во секој четиригодишен циклус имаме нова Државна изборна комисија и тука имаме еден дисконтинуитет, па нормално новите луѓе, понекогаш како претседатели на Државна изборна комисија за прв пат се сретнуваат со изборната регулатива вака професионално за да мора и да одговараат.

Што се однесува до втората измена, секретарот да го бира Државната изборна комисија, а не како досега каде што во член 12 став 4 пишува: “Членови на Државната изборна комисија, секретарот и нивните заменици ги именува Собранието на Република Македонија”.

Сметам дека и понатаму треба да остане секретарот да го именува Собранието на Република Македонија , бидејќи секретарот е еден од клучните луѓе, не е член законски, меѓутоа учествува во работата на Државната изборна комисија. По својата стручност најчесто е еден од клучните луѓе. На овој начин што се предлага да го бира Државната изборна комисија ќе настане случај таму да се заврши целата работа околу изборот. Меѓутоа, сметам дека со изборот на секретарот во Собранието значи ќе има уште еднаш проверка на исправноста за одредени лица дали да биде секретар, или не и пред македонската јавност. Така што ќе биде помала грешката при изборот на секретар доколку биде биран и преку Собранието. Очигледно е дека за секретар на ДИК се бираат луѓе кои што воопшто немале работено на оваа проблематика и стануваа секретари на ДИК. Значењето на ДИК во изборниот процес знаеме колку е значајно, значи ги бираат и претседателот на државата и Парламентот и локалната самоуправа. Затоа сметам дека секретарот треба да остане да се бира од Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, колеги и колешки пратеници, претставници на Министерството. Воглавно мојата дискусија нема да биде многу различна од претходниот дискутант, бидејќи тука некаде се движат и моите размислувања. Најпрво би истакнала што јас некако жалам и не се сложувам што кај нас станува практика пред секои избори да се врши измена на изборното законодавство и со тоа ние оваа изборна материја ја правиме доста ранлива затоа што месец, два пред избори секогаш вршиме некакви измени на законодавството. Јас во принцип не се сложувам со таквата работа. И стојам на мислење дека ние конечно треба да го кодифицираме изборното законодавство, да ги усогласиме сите решенија од постоечките законски регулативи што се однесуваат на изборите, дали на државно или на локално ниво и да направиме едно поопстојно и едно пофункционално изборно законодавство. Тоа е во делот на еден општ претрес. Меѓутоа, она што е сега предлог за измени на Законот за избор на пратеници, би кажала дека во делот кој се предлага дека треба да има ДИК својство на правно лице, сосема се согласувам. Мислам дека таквата промена е во ред, иако ценам дека требаше нешто порано да се заврши оваа работа за да би имале време до претстојните избори до кои преостанува многу малку време, локални избори, да може сето ова да се организира. Меѓутоа, во делот за промените кои се однесуваат на изборот на секретарот на ДИК јас не се согласувам ДИК да го врши изборот на секретарот, затоа што и тој е еден функционер како и члeновите на ДИК и нивните заменици. Сепак, треба да остане, неговиот избор треба да остане во надлежност на Собранието. Би можеле да одат измени за должината на неговиот мандат и тн., со тоа би обезбедиле секако она што е причина за измени на Законот, континуитет на работењето на ДИК и екипираност. Меѓутоа, неговиот избор ценам дека треба да остане во ингеренции на Собранието. Тоа е првата работа.

Втората работа, во членот 2 во кој се вели дека ДИК го именува секретарот и неговиот заменик од редот на дипломирани правници за време од пет години. За жал овде не се воспоставени никакви критериуми како и кои се тие, сепак тој треба да има определено работно искуство, определени предзнаења за да врши една работа како што е генерален секретар на ДИК. Мислам дека предлагачот требаше да посочи одредени критериуми по кои ќе се врши изборот на секретарот. Вака

имаме  една многу општа одредба, од редот на дипломирани правници. Не е кажано дали тие треба да имаат правосуден испит, дали треба да имаат определен број години работен стаж и тн. Мислам дека ќе дојдеме во една ситуација на субјективизам при изборот на секретарот. Секако сум сигурна дека  секогаш ќе биде биран од мнозинството кое преовладува во Изборната комисија. Така што нема да дојде до  некаква, како што се најавува, деполитизација  на оваа функција. Сепак, и овде политиката ќе има свое влијание и тоа видно влијание, а при изборот на секретарот како што беше досега во Собранието може да се отвори една поголема расправа и да се расправа за личноста и за квалитетите на човекот, односно оној што ќе биде избран за секретар. Така што сепак, ценам дека треба да остане во ингеренции на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници,  52 гласале за, 2 гласале воздржано,  11 гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 52 гласале за, 2 воздржани, 7 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман за менување на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Збор има пратеникот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам господине претседател, кратко сакам да кажам два, три збора, зошто го предложив овој амандман? Мислев дека преку овој амандман ќе влијаам во два аспекти. Првенствено појдов од општиот концепт за поимот што е правно лице и под два, поаѓајќи од членот 8 од Законот за организирањето на државната власт каде на јасен начин се истакнува кои органи можат да имаат статус на правно лице. Значи, овие беа две главни причини зошто го предложив овој амандман, имајќи го предвид фактот дека преку овој амандман се изменува концептот на предложениот закон.

Јас го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза од половина час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од половина час.

(По паузата седницата продолжи во 11,30 часот).

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 72 пратеника.

Ве потсетувам дека согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 60 гласале за, 1 воздржан, 12 против.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, согласно член 94 од Деловникот за работа на Собранието, барам поименично гласање по оваа точка.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Процедурално. Претседателе, координаторот на СДСМ јас не знам што бара, бидејќи вие во процесот на гласањето му давате процедурално да бара. Вие не констатиравте резултат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како не констатирав, кога го прочитав резултатот. По Деловникот ако е разликата плус, минус пет гласа, има право да се побара поединечно гласање.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во име на пратеничката група бараме пауза од половина час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза не давам, бидејќи го прифатив ова, ќе гласаме поединечно, па ќе добиете пауза.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Бараме пауза од половина час.

АЛЕКСАНДАР НОВАКОСКИ:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | АБДИЛАЌИМ АДЕМИ | за |
| 2. | РАФИС АЛИТИ | за |
| 3. | ИВАН АНАСТАСОВСКИ | за |
| 4. | СТОЈАН АНДОВ | отсутен |
| 5. | АНА АНДОВА | за |
| 6. | ПЕТАР АПОСТОЛОВ | за |
| 7. | НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ | за |
| 8. | ЈУСУФ АРИФИ | за |
| 9. | ТЕУТА АРИФИ | отсутна |
| 10. | СЛАВЕ АРСОСКИ | за |
| 11. | ФАТМИР АСАНИ | против |
| 12. | АЛИ АХМЕТИ | отсутен |
| 13. | ЉУПЧО БАЛКОСКИ | против |
| 14. | НЕВЗЕТ БЕЈТА | за |
| 15. | НАЗМИ БЕЌИРИ | за |
| 16. | НАТАША БИКОВСКА | за |
| 17. | РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ | отсутен |
| 18. | СИЛВАНА БОНЕВА | против |
| 19. | ВЕСНА БОРОЗАН | отсутна |
| 20. | ЉУБЕ БОШКОСКИ | отсутен |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | АВДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | отсутен |
| 22. | ФАЗЛИ ВЕЛИУ | отсутен |
| 23. | ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ | за |
| 24. | ЦВЕТАНКА ГАШОСКА | за |
| 25. | ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ | отсутен |
| 26. | МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | против |
| 27. | БЛАГОЈА ГЕШОСКИ | за |
| 28. | КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 29. | БЛАГОЈ  ГОЛОМЕОВ | за |
| 30. | СЛАВИЦА ГРКОВСКА | за |
| 31. | НИКОЛА ГРУЕВСКИ | отсутен |
| 32. | СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | против |
| 33. | ЗАМИР ДИКА | отсутен |
| 34. | АНГЕЛ ДИМИТРОВ | за |
| 35. | КИРО ДОЈЧИНОВСКИ | за |
| 36. | САШО ДОХЧЕВ | за |
| 37. | ВАНЧО ЃОРГИЕВ | отсутен |
| 38. | ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | за |
| 39. | МАРЈАН ЃОРЧЕВ | против |
| 40. | АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ | за |
| 41. | ЗОРАН ЗАЕВ | за |
| 42. | ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО | воздржан |

| | | |
|---|---|---|
| 43. | ЦВЕТАНКА ИВАНОВА | за |
| 44. | ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА | за |
| 45. | ИГОР ИВАНОВСКИ | за |
| 46. | ВЛАДО ИЛИЕВСКИ | за |
| 47. | ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА | за |
| 48. | АДНАН ЈАШАРИ | за |
| 49. | ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ | за |
| 50. | НИКОЛА Б. КАМЧЕВ | за |
| 51. | ЖАРКО КАРАЏОСКИ | против |
| 52. | САШКО КЕДЕВ | отсутен |
| 53. | ИЛИЈА КИТАНОСКИ | отсутен |
| 54. | МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА | против |
| 55. | БОРИС КОНДАРКО | за |
| 56. | ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА | отсутна |
| 57. | ТРИФУН КОСТОВСКИ | отсутен |
| 58. | ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | отсутен |
| 59. | ЗОРАН КРСТЕВСКИ | отсутен |
| 60. | РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА | воздржана |
| 61. | СОЊА ЛЕПИТКОВА | за |
| 62. | СПИРО МАВРОВСКИ | против |
| 63. | ЈАНИ МАКРАДУЛИ | за |
| 64. | ЕФТИМ МАНЕВ | отсутен |

| | |
|---|---|
| 65. РУЖДИ МАТОШИ | против |
| 66. ЉУПЧО МЕШКОВ | воздржан |
| 67. БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА | за |
| 68. ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ | за |
| 69. РАФЕТ МУМИНОВИЌ | отсутен |
| 70. НЕЖДЕД МУСТАФА | за |
| 71. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 72. ЏЕВДЕТ НАСУФИ | отсутен |
| 73. ПЕТАР НАУМОВСКИ | отсутен |
| 74. МИТЕ НИКОЛОВ | за |
| 75. ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ | отсутен |
| 76. ГЗИМ ОСТРЕНИ | отсутен |
| 77. ЃОРГЕ ПАЛОШКОВСКИ | против |
| 78. ВЛАДО ПАУНКОВ | за |
| 79. АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ | за |
| 80. РИСТО ПЕЈОСКИ | против |
| 81. БОРЧЕ ПЕТРОВСКИ | за |
| 82. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 83. КАМЕ ПЕТРОВ | за |
| 84. ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА | за |
| 85. ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА | отсутна |
| 86. КОСТА ПРЕШОСКИ | за |

| | | |
|---|---|---|
| 87. | ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 88. | НЕДИМ РАМИЗИ | за |
| 89. | ЕСАТ РАХИЌ | за |
| 90. | КАРОЛИНА РИСТОВА | за |
| 91. | ЕЈУП РУСТЕМИ | за |
| 92. | ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА | отсутна |
| 93. | ГАЈУР САРАЧ | за |
| 94. | ИЛИЈА СРБИНОВСКИ | против |
| 95. | ВАНЧО СТАМЕНКОВ | отсутен |
| 96. | СЛАВИЦА СТАНКОВСКА | отсутна |
| 97. | ИВАН СТОИЛКОВИЌ | отсутен |
| 98. | БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ | отсутен |
| 99. | НЕЛКО СТОЈАНОСКИ | за |
| 100. | ТАСИМ СУЛЕЈМАНОСКИ | за |
| 101. | ОРДАНЧО ТАСЕВ | отсутен |
| 102. | МЕНДУХ ТАЧИ | отсутен |
| 103. | ЗОРАН ТОМИЌ | за |
| 104. | РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА | за |
| 105. | КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ | против |
| 106. | ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ | отсутен |
| 107. | ТОМЕ ТРОМБЕВ | за |
| 108. | АДНАН ЌАХИЛ | против |

109. НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ за

110. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ отсутен

111. ЌЕНАНХАСИПИ за

112. ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД за

113. СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ отсутен

114. ТАЛАТ ЏАФЕРИ за

115. АГИМ ЏЕЛИЛИ за

116. ЗИДИ ЏЕЛИЛИ отсутен

117. ДРАГО ШАЈНОСКИ отсутен

118. ЗОРАН ШАПУРИЌ отсутен

119. ИСНИ ШАЌИРИ за

120. ЏЕЗАИР ШАЌИРИ отсутен

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине фазли Велију, вие подоцна дојдовте, вие сте за? (Да)

Кворумот кога се собра јас дадов сосема по Деловникот, чекав кворумот да се направи и веднаш ставив за гласање.

Почитувани пратеници, гласале вкупно 82 пратеници, 63 пратеници гласале за, 15 пратеници гласале против и 4 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Повелете процедурално г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, на гласањето за кое што вие констатиравте бројка беа 73 пратеници, сега кажувате бројка од 82 пратеници. Вие не го поворивте гласањето, баравте да се гласа поединечно. Ова испаѓа дека едното со другото апсолутно немаме ново гласање, а вие прогласувате нов резултат за разлика од првиот пат каде што имаше 73, сега има 82 пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски и во времето на гласањето беше точно таа бројка 73 пратеници колку што и вие спомнавте. Меѓувреме, дојдоа други пратеници во текот на гласањето и тие имаат право да се изјаснат. Тие се присутни тука и тоа право на гласање не можам да им го ускратам.  Според тоа, вистинската бројка сега после гласањето , после прашањето јавно да се изјаснат е 63 за, 15 против, 4 воздржани, што е вкупно 82 гласа.

Господине Мавровски вие ме прашавте процедурано и јас ви одговорив процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Координаторот на пратеничката група на СДСМ побара поединечно гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, јас не можам да им го ускратам правото на пратениците кои доаѓаат, како што вашето право да излегувате за да нема кворум, не ви гоускратувам. Според тоа, јас одговорив и продолжуваме понатаму.

Минуваме на точка 16 -**Предлог за донесвуање на закон за изменвуање и дополнување на Законот за спречување на корупција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господинот Аднан Ќахил, има збор.

Повелете.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитуван минситре, почитувани пратеници,

Денес имаме закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон и овој закон се претресе на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и таму го кажав нашето мислење во врска со овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господа колеги, ве молам потивко, тие што мислат да излезат нека излезат, следниот пат навистина ако нема кворум, ќе биде малку по критично.

АДНАН ЌАХИЛ:

Се работи за еден закон кој третира една материја, кој очигледно не само во Републикава, а и пошироко е топ тема. Очигледно, корупцијата зема се поголем замав и станува рак рана за сето она што се вика економско заживување и економски амбиент во една држава. Нормално е дека во вакви ситуации треба да имаме законска регулатива, која што ќе ги регулира сите тие односи, бидјеки се работи за материја и за луѓе кои  апослутно третираат проблеми кои се од суштинско значење.

Пред да поминам на главната тема, ако дозволите многу кратко, за да оди како вовед да ме прекинете, би прочитал една страна оа анкетата Транспарент интернешенел, која се однесува токму на оваа работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ви дозволувам, само нека дозволат вашите колеги пратеници.

АДНАН ЌАХИЛ:

Токму и заради тоа се обраќам до вас.

(Спиро Мавровски од  место го чита Деловникот)

СПИРО МАВРОВСКИ:

Бараме пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза од 15 минути.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

По ова прашање, господа, одлучете се кој ќе постави процедурално прашање и тоа само еден, затоа што имавте 15 минути пауза и можевте да се договорите што ќе кажете.

Повелете г. Мавровски имате процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, дефинитивно го повредивте Деловникот за работа на Собранието и тоа член 85 и член 94. Членот 85 гласи, на пратеникот кој сака да говори за повреда или неправилна примена на Деловникот, претседателот му дава збор штом ќе побара. Говорот на овој пратеник не може да трае подолго од три

минути по говорот на пратеникот, претседателто на Собранието дава појаснување. Ова го побара од вас г. Коце трајановски, вие не ги обезбедивте и едноставно не дадовте ниту пауза.

Другите два прекршоци ги направивте во членот 94 и тоа став 2 каде што се објаснува поименичното изјаснување на пратениците. Значи, во вторито став стои поименично изјаснување може да се врши заради точно утврдување на резултатот од гласањето по барање на претседателот на Собранието или на еден пратеник чие барање го подржуваат најмалку 10 пратеници, што во случајот тоа не го направивте, само ако предлогот за кој се гласа добил до 5 гласови повеќе или помалку од потребниот број гласови за негово донесување. Тоа е факт.

Третото и најважното, тоа е ставот 3 од членот 94, поименичното гласање се врши со изјаснување на секој прозван пратеник со за или против предлогот или со воздржување од гласањето и за тоа време вратите од собраниската сала се затворени. Дефинитивно, вратите од собраниската сала се затворени, се затворени затоа што првиот пат бројот на пратеници кои гласале бил 73, а вторито пат имате бројка од 82 пратеници. Значи со ова ги прекршивте сите овие деловнички работи и затоа мислам дека заклучокот после она прво гласање во кое што беа присутни пратениците и нормално е и тие што гласале и поединечно да се изјаснат за гласањето како гласале. Мислам дека овде е прекршен Правилникот, Деловникот за работа, Деловничката комисија треба да даде мислење за сето ова и мислам дека законот не може да помине.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По Деловникот треба да ви одговорам на трите ваши забелешки околу кршење на членовите.

Прво, околу тоа штоне дадов процедурално пауза, бидејки беше побарано да се гласа поединечно и јас пристапив кон гласање поединечно и затоа реков паузата ќе биде после поединечното гласање.

Второ, околу тоа дек аимало повеќе пратеници од бројот на пратениците кога се гласаше јавно, значи со притискање на копчето. 63 пратеници гласаа за, 60 гласале претходно за, што значи дека во салата влегле од пратениците што плус гласале тројца и сите тие тројца влегле пред да почнеме да гласаме. Начи, рестото е пратеници се од страна на опозицијата која гласала против и ако некој го знаел Деловникот, не требало воопшто ни да влезе. Само, не постои институција

интерпелација на пратеник постои институција интерпелација на претседател и тоа ви го препорачувам.

Ве молам, тука нема реплики и контрареплики, јас ви давам објаснување, а вие можете тоа да го прифатите или да не го прифатите.

Третото, за десет души кревање на рака, јас мислам дека овде 60 души ќе кренеа рака. Со вас г. Спиро Мавровски завршив и ви одговорив и тоа е Деловнички.

Повелете г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, кога се применува Деловник, треба да се применува така како што пишува. Во член 94 став 2 стои “поединечно изјаснување може да се врши заради точно утврдување на резултатот од гласањето по барање на претседателот на Собранието”. Такво барање немавме. “Или еден пратеник, чие барање го подржуваат најмалку 10 пратеници”. Такво барање, прво, немаше. Се јави координаторот на пратеничката група, побара поединечно гласање и тој воопшто не побара подршка, ниту вие побаравте подршка и не можете вие да претпоставувате, мислам дека ќе има 60 пратеници кои ќе гласаа. Тоа требаше да го направите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

60 души гласања тоа е доволна подршка.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не е гласање во прашање, подршка треба. Вие директно ја повредувате одредбата од член 94 став 2 . Според тоа, не можете вие да претпоставувате, од каде знаете дека тие ќе кренеа рака. Тоа треба да се констатира и затоа е така пишано. Значи, тоа е едно. Кога станува збор за вратите дека треба да бидат затворени, тоа значи дека никој не треба ни да влезе, ни да излезе, туку оној број кој што гласал, треба да го повтори гласањето. Гласањето требаше по листинг да се прави, да се извади листинг кои беа присутни од нив и да се види како е гласањето. Дали има некои од тие што гласале тогаш некој да не гласал. Сега, разликата не е три како штокажувате. Вкупниот број на пратеници внатре восалата беше 73 на првото гласање и 82 пратеници на второто гласање. Тоа не е три. Не е битно колку се на опозицијата, а колку на позицијата, за сите важи Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно, ако вратите беа отворени не требаше да влезете, барем опозицијата. Но, реков институција интерпелација  не постои за опозиција и за пратеник, постои за претседатели. Одговорено ви е.

Дали некој друг има прашање?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Вие со вашата постапка денеска се доведува легитимноста на оној закон што се усвои овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И за тоа постои процедура да се испита легитимноста.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

За тоа постои процедура, постои Комисија за мандатно имнунитетни прашања и јас предлагам воовој момент да ја прекинете седницата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие како пратеник можете да побарате мислење од мандатно имунитетната Комисија. Писмено да побарате Комисијата за мандатно имунитетни прашања да заседава.

Дали има други процедурални прашања?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, вие дефинитивно го рушите угледот на ова Собрание. Затоа што, во континуитет во рок од 5 минути направивте 10 прекршоци можеби.

Прво, предлогот што го даде г. Макрадули, не беше подржан од 10 пратеници и вие не смеевте да дадете поединечно гласање, затоа што таков предлог не помина во ова Собрание. А, дека тоа е така постојат снимки, постојат стенографски белешки кои можат да се проверат и да се видат дека предлогот не беше поминат. Ви не можете со вашето тврдење да кажете дека 60 пратеници гласале за и тоа била подршката. Па, вие пред време не можете да знаете колку пратеници  ќе гласаат за и со тоа ќе добиете  подршка за предлог. Такво нешто во Деловникот не постои. Во Деловникот постои подршка од 10 пратеници за предлог. Ве молам,

држете се до Деловникот и немојте да го рушите угледот на Собранието и немојте да го кршите Делвоникот. Тоа е прво. Ве молам, не ми упаѓајте во збор. Очигледно имавте таква намера.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, јас мислев дека тоа ви е единствено.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Сооглед на тоа дека не беше предлогот ниту подржан, ниту прифатен не смеевте да поминете на поединечно гласање. Тоа е прво и ве молам тоа да го прифатите.

Понатаму, не постапивте според членот 94 каде што точно и прецизно е напишано дека за тоа време вратите од собраниската сала треба да бидат затворени. Вие во текот на гласањето имавте влегување на пратеници и ги вклучивте во гласањето. Смислата на оваа одредба е од тие што гласале , што се забележани во листингот на електронскиот систем, тие да го повторат гласањето, а не оние што дополнително ќе дојдат. Бројката што си беше во моментот на електронското гласање, никако други пратеници плус. Ако не е таквата смисла, тогаш оваа одредба не би требало да постои во деловникот. Многу е јасна и многу е прецизна. Меѓу другото, ако постојат одредени нејасности, ова Собрание има деловничка комисија која може веднаш да заседава и да даде свое мислење. Вие очигледно, користејќи го мнозинството крадете гласови.

Ве молам уште еднаш да размислите за сите прекршувања кои ги направивте на Деловникот во текот на ова гласање и барам и инсистирам предлогот да се врати, а потоа Владата нека размислува штопонатаму, затоа што не се изгласа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска, имате деловничка можносат како можете мене да ме повикате на одговорност или да побарате мислење од Комисијата за мандатно деловнички прашања. Јас одговорив на сите тие три прашања онака како што јас мислев дека треба да одговорам, можеби сум во право или не сум во право, сепак, имам како претседател одредени права. Сите три процедурални прашања беа исти.

Дали има некој друг процедурално прашање?

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас само кратко претседателе да ги сублимираме сите забелешки сега. Вие мислите дека ќе има подршка од 10 пратеници. Тоа е ваше мислење. Ние мислиме дека вие го прекршивте Деловникот кој е мородавен да даде во овој случај толкување. Значи не сте вие, туку Комисијаа за дловничко и имунитетни прашања. Значи барам седницата на Собранието да се прекине и да се состане Комисијата за деловничко имунитетни прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Седницата нема да се прекине а вие можете да поднесете писмено барање до мандатно имунитетната Комисија.

Повелете г-дине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине претседателе, сметам дека има дилема и таа дилема е во смисла на легитимното изгласување на законот. Дали тој закон е валидно изгласан, или не, навистина ние треба да бидеме на чисто.

Јас како пратеинк барам да знам дали овој закон е валидно изгласан согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија и затоа, за да се произнесеме по тоа прашање, барам да даде свое мислење оној што е надлежен за тоа, а тоа е Комисијата за мандатно имунитетни прашања. Претседателот е тука на таа Комисија и не реагира ништо, чита весник и се смее. Сметам дека ова е несериозен однос према Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Лалчевска мислам дека е доволно. Повелете процедурално.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Г-дине претседателе и понатаму ја повредувате процедурата на работата во Парламентот, затоа што не давате да заседава мандатно имунитетната Комисија. Барате писмено да побараме. Меѓутоа, ние сме имале пракса кога требаше да се применува членот 83 , вие ја прекинавте седницата и баравте заседавање на деловничката комисија.Тоа беше еден случај. Значи имаме таква практика и по усмено барање.

Втор пат ја прекинавте работата на Собранието кога побаравте да се изјасни деловичката комисија  дали пратеник од иста партија може да му даде реплика на колега од иста партија. Мислам дека тоа беше членот 86, така да постои таква практика во ова Собрание и немојте сега да ја прекинувате, бидејќи вие се држите на тој принцип, тогаш држете се овој пат до вашиот принцип дозволете да заседава Деловничко имунитетната комисија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Лалчевска јас не сум а и вие не сте во повеќе мандати во овој парламент, но јас колку што ги следев седниците на Собранието од минатите мандати, кога беше друго мнозинство овдека, на ист начин со влегување и излегување  се гласаше јавно.

Г-динот Јани Макрадули има процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, во оваа мешаница што настана барам г-ѓа и колешка пратеник Марија Којзеклиска да се извини на  пратениците и на граѓаните на Република Македонија , бидејќи излегувајќи од салата, значи внатре во салата кажа: "све ово треба стрељати" значи ја цитирам и со тоа е најдобар доказ кој му мисли добро на Собранието, кој како мисли како треба да се однесува еден пратеник и кој го руши угледот на Собранието. До колку пратеничката не се извини на сите нејзини настапи пратеничката група на СДСМ ќе ја напушта собраниската сала.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Којзеклиска процедурално.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам многу претседателе што ми дадовте збор јас ова на говорница го кажав што го кажа г-динот Јани Макрадули и не сакам да бега од темата. Повреден е Деловникот да не се вади со мене.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам имаше случаи кога не се кажа на говорница нешто друго, па се повика.

Со ова ја завршуваме оваа расправа и продолжуваме со 16 точка: - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата со Предлог на закон**

Повелете г-дине Аднан Ќахил имате збор.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ќе се обидам да продолжам таму каде што застанав. Побарав едно мислење од анкета во 47 земји за организиран криминал и под наслов македонците имаат уплав од корупција, тоа ќе биде правец во кој ќе дискутира, а тука се кажани некои работи што се во директна корелација на овој закон што денес се предлага.

Имено, овде парафразира можеби некои реченици не се токму соодветни, анкетата е направена. Велат ако граѓаните на светот имаат магично стапче, тие најмногу би сакале да ја елиминираат корупцијата во политичките партии. Според анализата на македонски граѓани, корупцијата им пречи најмногу 28,2% во политичките партии, 17,9% во царината, 15,4% во судството, 9,2% во образованието, 8,5% во здравството и издавањето на градежни дозволи,3,3% во даночниот систем и 2,8% во полицијата. Речиси половина од анкетираните во светот веруваат дека корупцијата има значајно влијание на бизнисот. Ваквото мислење е најзастапено во Македонија и во Аргентина и 87,9% од анкетираните се изјасниле на овој начин, а од групата истомисленици и граѓаните од Бугарија, Конго, Гватемала, Босна и Херцеговина, Македонија спаѓа и во 10-те најпесимистички земји во светот, со оглед на очекувањата во однос на корупцијата . Најголеми оптимисти на овој план се Колумбијците, Ирците, Хрватите и Индонејзиците. Да се прашаме за измената накорупцијата. Многу повеќе испитаници очекуваат дека корупцијата во време од три години ќе се зголеми, од колку дека ќе се намали. Секој трет граѓанин смета дека корупцијата ќе се зголеми, секој петти дека ќе се намали, а секој четврт дека ќе остане на исто ниво. Ова се резултатите од најновите испитувања први од ваков вид што го објави Меѓународната антикорупциска организација транспарентен интернешнел во соработка со галоб интернешнел. Во Македонијасе анкетирани 40.838 луѓе од 47 земји. Глобалниот корупциски барометар ги мери ставовите во однос на корупцијата и очекувањата на идните степени на корупција. Се истакна дека е направено истражување дека не стоиме добро во антикорупцијата и дека друштвото во кое се наоѓаме не е најпријатно, бидејќи се тоа јужно американски, јужно африкански и помалку развиени земји.

Од анализата во однос на влијанието на корупцијата во секојдневниот живот, Република Македонија спаѓа во горниот дел од табелата во друштво на Аргентина, Боливија, Колумбија, Костарика, Нигерија, Панама, Палестина, Јужна Африка и останати. Над 70% од граѓаните сметаат дека корупцијата многу влијае и врз политичкиот живот. При ова рангирање Македонија е во првите 10 земји на оваа табела. Овдека би завршил со читање на овие информации во врска со ова и очигледно е нема потреба повеќе да читат. Очигледно дека корупцијата е нешто што навлегло во сите пори, во сите општествени сфери, само од процентот на учеството колку луѓето имаат разбирање или неразбирање за оваа работа, покажува дека Македонија во сите анкети стои најлошо. Од тука се наметнува прашањето дали е потребен ваков закон за Македонија или не. Веднаш да одговорам, сигурно дека е потребно таков закон на Македонија, иако сметам дека и да немаше ваков закон, во случај да имаме добра законска регулатива, координација меѓу разни министерства, координацијата меѓу судството и законодавната и извршната власт сигурно ако тоа се применуваше од точка до запирка, мислам дека немаше да има и потреба од таков закон. Но сведоци сме дека судството е на ниво што не одговара на модерните европски и светски земји. Нормално дека во определен период можеби до моментот кога судството ќе си ја превземе улогата од "А" до "Ш" да ги извршува сите обврски, а и министерствата и другите по закон регулирани институции кои ги обработуваат таквите проблеми, во тој случај сметам дека нема да има потреба од ваков закон, или едноставно, нема да има потреба од создавање на комисии за антикорупција.

Но, за да се донесе ваков закон, едноставно треба да има применливост на сите закони. Потоа усогласување со други законски регулативи. Имаме Закон за трговски друштва, кој впрочем минатите месеци се донесе, кој се покажа дека е многу добар закон, европски,светски, но потоа веднаш да излезе институција која е блиска до светската банка, тоа е ММФ да каже дека овој закон за трговски друштва не е добар, дека има двојност во некои одредби, дека тој закон се повеќе ги третира проблемите кои се блиски до Африка, одколку до Европа каде што ние се стремиме. Не би дискутирал повеќе за овој закон, сепак ние често пати мислењата од светска банка ги земаме здраво за готово, или пак имаме коректура на нашето однесување во сферата на фискализацијата на активностите и економијата и мислам дека не би требало да не ги земаме предвид овие укажувања во однос на овој закон.

Исто така, треба да бидат третирани не само буџетските корисници на парите, како што е Владата, Парламентот, судството итн. тука треба да бидат третирани и невладините организации и консултативните фирми. Впрочем во изминатиот период

и консултативните фирми едноставно влегуваат во шемите, во водите на корупцијата и би требало и тие да бидат опфатени со овој закон.

Понатаму, во мојата дискусија ќе укажам на неколку члена, кои по мене се контрадикторни, но во целина би кажал дека се работи во врска со законот. Во однос на антикорупцискиот закон и неговите измени и дополнувања, општ е впечатокот дека не станува збор за некакви контруктивни или суштински измени на овој закон. Имено, со ислучок на извесни измени во однос на граматиката или попрецизно речено на синтаксичкиот и лексичкиот дел од овој закон, со извесни дополнувања со кои се настојува да се допрецизираат одредени утврдени членови, не станува збор за никакви измени и дополнувања кои би воделе кон поделикатна регулатива. Она за што се надевам дека би била и прва интенција , кон што впрочем се стремиме сите ние, така како што и самите напомнавте тука големи се промените со кои се врши замена на одредени термини со други посовремени во наводници , како на пример во член 21 став 4 по терминот “јавно претпријатие”, се доаваат зборовите : “или друго правно лице кое располага со државен капитал”. Или пак во повеќе наврати замената на терминот:”јавно претпријатие” со “јавна установа”, терминот “сузбивање” со “спречување” и сл.

Укинување на некои ставови или нивно дополнување или заменување со нови, суштински не се менува ништо, освен успешниот препис од преводот на казнената конвенција за корупција и цивилна конвенција за спречување на корупцијата и двете донесени во рамките на Советот на Европа истите ратификувани од Собранието на Република Македонија 2002 година, а она за што сите се залагаме и понатаму изостанува. Со тоа оцената за состојбите која е потребно да се уреди со овој закон и која е содржана во образложението за измените и дополнувањата на овој закон, како и наводните заложби на Република Македонија која цитирам се вбројува во земјите кои сваќајќи ја сериозноста и опасноста од темпото за ширење на корупцијата пристапи кон востановување на анти корупциско законодавство.

Почитувјќи ја обврската на еден демократски правен систем кон кој целосно се стремиме, а тоа е превентиванта функција да биде пред репресијата, мислам дека и повеќе од една декларативна заложба без апсолутно никаква можност за некакви посериозни и поопфатни ефекти во реалноста и секојдневната практика. Впрочем, како што и самите напомнавте во образложението на третата глава спречување на корупцијата во вршењето на јавни овластувања член 21, покрај редакциското подобрување на одредбите за некакви позначајни резултати и ефекти не станува збор. За оправданоста од ваквиот став можеме да наброиме долга низа докази,

аргументи и факти кои говорат за бројни прекршувања на одредбите кои се содржани во овој закон. Доволно е да флиме еден краток поглед на состојбите и ситуацијата во која се наоѓа Република Македонија и сите ние како граѓани на оваа држава, митото, корупцијата нетранспарентните зделки остварени со помош на лица кои работат и се дел од државните институции се наша реалност и секојдневие што за голема жалост сите се навикнавме и го прифативме. Во сите анкети од интервјуа па до прашања, па се до поцелосни истражувања заклучокот секогаш е ист. Во оваа прилика ќе кажам дека макенците имаат уплав од корупција. Мислам дека тоа е реалност и тоа се случува и во овој закон и ако е можно да се сведе на најмалку можен ризик да се искористи таа ситуација на недоволно дефинирани ситуации да ги избегнеме тие дамки од минатото а и претставникот од Министерството кажа, и другите се согласија дека од 100% случаеви ние едвај 30% решаваме. Правото решение е сеуште далеку. Имаме ситуации кои се во процедура а 70% или не се во процедура или не се проследени или не се обработени или доработени.

Ќе дозволите само дват - три члена од законот ќе коментирам, да укажам и да докажам навистина се работи за една шминка а не за конкретна работа. Тука лтреба сите членови да бидат сериозно сватени, сериозно обработени и да имаме сериозен закон кој што впрочем би гласал за ваков закон, бидејќи е потребен ваков закон, потребна е таа Комисија додека го имаме чувството дека сите институции не ја вршат својата работа за што впрочем се избрани.

На пример во член 16, вели член 16 се менува и гласи: “политичките партии или кандидат на изборите не смеат да прибираат и користат средства од нелегални извори”. Зборуваме за нелегални извори. Нелегални извори се нелегални извори. Неможат да бидат предмет на некој закон, ако е нешто што е недозволиво. Едноставно треба да бидат казниви а не да бидат ставени во законска регулатива. По мене она што е нелегално треба органите кои ги гонат таквите луѓе едноставно да ги казнат. Не треба да стои тука нелегални средства. Мислам дека тое или несреќно избрана терминологија или пак едноставно пропуштено . Зборуваме за легални средства , зборуваме за буџетски средства, средства кои што едноставно се користат од Буџетот на Република Македонија од даночните обврзници за тие би требало да имаме ние законска основа. А дека нелегалните средства понатаму ќе бидат третирани онака како што ќе бидат третирани токму од таа Комисија имаме законска регулатива.

Или вика ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на изборите користи средства од нелегални извори државната Комисија ќе побара од

надлежните органи да извршат проверка на приходот на користење на средствата. Значи ние сме констатирале дека е тоа нелегално и сега за нелегално ќе бараме од корупцијата да контролира, иако нелегално треба да се бара или да се казни на определен начин преку МВР, преку МТЖ, преку судството и тоа не би требало да стои тука, или пак да стои ама со определено образложение кое што ќе даде целосна и јасна слика за ситуацијата. Или пак вика проверка на приливот на средствата од странство или други исплати преку банка по барање на Државната комисија не претставува повреда на банкарска тајна. Како може да не постои повреда на банкарска тајна? Значи државната антикорупциска комисија се поставува над сите органи.

Мислам тука со министерот треба да се допрецизираат некои работи . Вчера што го усвоивме Законот за перење на пари се повикува дека банкарските светли се тајни, ако не се работи за финансирање на терористички акции, или за перење на пари., децидно е кажано во овој закон.

Мојот предлог е можеби да се допрецизира, да се дообјасни уште во некој став овој закон за да едноставно не остане дилема и недореченост во смисла на двојност на улогите или некоја недореченост како можност Комисијата да има помали или поголеми ингеренции. Но, пак ќе повторам илегални средства, ние зборуваме за користење на легални средства, а легалните средства исто така не можат институциите, органите да ги користат како што сакаат и каде што сакаат. За тоа треба да бидат исто така гонети.

Потоа го имаме членот 48-а каде се вели дека член на Државната комисија се разрешува ако тоа самиот го побара, ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеци или трајно ја загубил способноста за вршење на функцијата. Овие три точки е во кој случај се заменува, а никаде тука не сте навеле дали е возможно да биде заменет или под кои услови ќе биде заменет ако тој несовесно си ја врши функцијата и ако тој член на Државната комисија за борба против корупцијата е дел од тој ланец и самиот прави инкриминирани дејствија. Можеби и тука треба да се допрецираат тие работи.

Има уште неколку поситни работи што не би дискутирал сега за тоа. Иако би спомнал еден краток пример, дека не е дефиниран членот 56 вели дека одговорно лице во трговско друштво или друго правно лице не смее да користи своја положба да прими награда или каква и да е друга корист или ветување. Ова “или каква и да е друга корист или ветување” е во ред, но “награда”, знаете и тоа треба да

се допрецизира. Ние сме свесни, министри, пратеници и други јавни функционери, во ситуација кога едноставно треба да имаме средби со други претставници, со други земји, добиваме некои награди, макар и симболични, но сепак се награди. Некој, во даден момент може да ја искористи таа награда да се повика на законот, да каже дека не смее да ја прими таа награда, ама примил награда и да биде основа за блатење на еден функционер, за што мислам дека нема потреба. Сите други ставови се во ред, но мислам дека ова со наградата може да се допрецизира, да се каже освен во ситуации што се наведени со друг закон.

Законот, пак ќе повторам во целина е добар, во смисла дека треба да се донесе овој закон за да по закон работи Комисијата за анти корупција, но имаат многу недефинирани ситуации. Не велам дека е намерно. Можеби е случајно. Можеби поради несреќни преводи, несреќни формулации на додадени членови, но мислам дека би требало, поради фактот што имаме ситуации каде над 70% од случаевите ниту се процесуираат, ниту се одработуваат а имаме многу корекција, во сите анкети кај нас и надвор од нас во врска со корупцијата, би било добро да имаме многу, многу јасен и прецизен закон токму заради таа работа.

Уште една работа е многу важна, да комисиите што вака ги формираме да соработуваат со министерствата и со институциите што впрочем за тоа и се формираат, па затоа треба да си обработат “својот леб”, како што народски е кажано. Сите други работи се сигурно техника, но една работа е многу важна што и кога се формираше Комисијата за анти корупција, не е возможно таа комисија да бара од важни функционери отчет што имаат и што немаат кога стапуваат на функција, а тие кои се членови, претседателот на Комисијата за анти корупција да не дава таков отчет т.е.за имотна состојба. Јас не знам дали до ден денеска поранешната претседателка и сегашниот претседател и членовите дале таков отчет во органите. Мислам дека кога тие веќе ги проверуваат и министрите и пратениците и директорите на јавни функции, сето она што има јавна врска со Буџетот и јавноста, мислам дека тие се први кои треба да бидат пример, да дадат отчет, а после тоа да бараат од другите.

Засега би кажал толку. Мислам дека има простор и можност да се подобри законскиот текст, ако не сега, барем во иднина, во врска со овој горлив проблем.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Ќахил.

Збор има пратеникот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Денеска расправаме по една суштинска, чувствителна тема - корупцијата што треба да се следи со соодветни мерки и одредби за превенција, откривање и репресија чиј израз се и мерките што се содржани во дополнувањето на Законот за спречување на корупцијата што денеска се наоѓа пред нас.

Мора да признаеме дека во Република Македонија сеуште не е воспоставен комплементарен систем на мерки за превенција и репресија на корупцијата. Колегата пред мене зборуваше за соодветни истражувања од "Транспаренс интернешенел", можеби требаше само да го дополни и тоа и од анкетите што се правени во 1999 година и 2000 година за Албанија, Бугарија и Македонија, во февруари 2001 година, Регионални истражувања, дека недовербата на граѓаните во однос на корупцијата во тој период кон Владата на Љубчо Георгиевски, тој процент изнесува 76%. Тоа е мислењето на граѓаните.

Според индексот за перцепција на корупцијата, што го објави "Транспаренс интернешенел", колегата Ќахил ги даде тие податоци со кои се согласувам, тие се точни, за чудо претходната власт, сигналот што го прими од тие анкети и од Меѓународната заедница не беше јасен. Беше јасен само во моментот кога се донесе Законот за анти корупција во 2002 година. Сигналот не беше примен затоа што тогашната власт ја одложи примената на законот за некое друго време, односно за после изборите. Сигналот од Европската унија беше дека Владата нема политички слух, а преведено на наш жаргон ќе каже дека се работеше за хипокризија.

И денеска, кога го дополнуваме Законот во Република Македонија сеуште не е воспоставен комплементарен систем на мерки. За ова, секако, пречки има повеќе: недоволно воспоставени од функционален систем на поделба на власта на законодавна, извршна и судска.

Меѓутоа, сигналите што деновиве доаѓаат од Владата охрабруваат дека Владата е подготвена за реформи, што значи за политижки реформи, а согласно со тоа би дошло и до уставни промени.

Потоа, неусогласеност на делови од националното законодавство со меѓународните стандарди, непостоење на систем за замена, взаемна и хоризонтална контрола меѓу институциите, што се нарекува систем на

интеграционален интегритет. И, недоволна ангажираност на граѓанскиот сектор и на медиумите во јакнењето на свеста кај јавноста.

Проблемот на неефикасност во справување со корупцијата е немање дефиниција за одделни форми на против правно поведение што не се изразени и дефинирани во Кривичниот законик. Сето тоа го овозможија поединци, особено од претходната власт, да се стекнат со огромни материјални средства, без, притоа, истите да се соочат со можноста за кривична одговорност. Што е најважно и конфискација на бесправно стекнатото несразмерно богатство. За жал, судските процеси сеуште траат во недоглед и сето тоа ја обесхрабрува политичката волја и потребната акција за справување со корупцијата.

Оттука, изменувањата во законот за потпираат во определбата и претпоставката дека корупцијата ја загрозува политичката стабилност во државата, довербата на граѓаните во политичкиот систем, владеењето на правото, економскиот развој и странските инвестиции и европската интеграција.

Оттука, решенијата што ги востановува овој закон се во правец на претворање на корупцијата во високо ризична и ниско профитна дејност. Со зајакнување на системот за мерки што се изразени во членовите од 10 до 15, потоа од 20 до 28, 29, 32, 33, 58, 59, 62, а за откривање и казнување на сторителите како и за одземање на криминалните приноси, имотна полза, предност, корист и погодности.

Совршен закон не постои. Се согласувам со колегата дека во едно догледно време и овој закон ќе претрпи, дискутантот пред мене, дека овој закон ќе претрпи промени. Како што се менува и прилагодува мутантниот феномен - корупцијата треба да се менува и законската регулатива. Затоа не случајно предлагачот во одредени решенија апострофира превенција пред репресија, со цел да се допрат мотивите и околностите на корупцијата без кои таа не може да се сосече во корен.

Денешнава расправа и интонација од опозицијата покажува дека се согласуваме во најважното, дека е потребна политичка волја во превенцијата, откривањето и репресијата на корупцијата. Коренити промени на овој план не се можни без широк национален политички консензус во однос на опасните последици од корупцијата, значењето на анти корупциските мерки и доследност во нивната имплементација. Без ваков консензус сметам дека и борбата против корупцијата нема да биде ефикасна.

Додека денеска расправаме со политичка волја за корупцијата, на маргините на овој закон, фигуративно искажано, со политички жаргон, денеска читаме во печатот дека треба да се поведе полициска истрага за исчезнатите уметнички дела од Министерството за култура, во времето кога беше министер министерката Ганка Самоилова. Сакам да кажам дека и покрај заложбите да бидема ангажирани во отворена битка со корупцијата, рецидивите од претходната власт за кои што се чита денеска во печатот, сето тоа не оддалечува од една стратегија во борбата против корупцијата.

Сакам да кажам нешто на крајот, кога ја видов Програмата на Анти корупциската комисија, нејзината амбициозна програма, навистина многу амбизиозен текст, што претпоставува, за да биде функционален, промена дури на 40 закони во нашето законодавство, претпоставува политичка реформа и претпоставува уставни промени. Верувам дека сите ќе имаме сила, доколку сакаме корупцијата да ја сведеме барем во нормални рамки, да застанеме зад таа програма што ја нуди Анти корупциската комисија.

На крајот само да го кажам моето мислење дека овој дополнет закон за спречување на корупцијата не пропишува само мерки и одредби, туку создава амбиент на ниска толеранција кон корупцијата. Ваков закон сепак треба да се поддржи.

Благодарам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, јас ќе земам збор.

Точно има уште 10 минути.

Иако позицијата ме обвинува дека не сум принципиелен, јас ќе продолжам да бидам принципиелен и еве, затоа мојот настап ќе биде 10 минути, можеби и пократко. Со тоа би сакал да покажам дека во 10 минути можат да се кажат доста работи.

Слушнавме два настапи. Тоа што е забележително, двата настапи се занимаваа со корупција. Корупцијата е феномен кај нас што не треба да го објаснуваме, но ние имаме закон за борба против корупцијата, односно во кој што се регулира статусот на комисијата за борба против корупцијата. И веќе тука, во еден

член, каде што се професионализира таа комисија, имам чувство дека Владата или предлагачот ќе ја ослабне таа наша заложба или борба против корупцијата.

Зошто го велам тоа? Од едноставни причини, затоа што нам ни е потребно независно тело што може да ги уочи, идентифицира и можеби обнародува тие елементи или појави на корупција во нашето општество. Во самата дефиниција што е овде дадена се вели дека корупција е искористување на функцијата, јавните овластувања, службена должност и положба за остварување на каква и да е корист за себе или за други. Бидејќи станува збор за јавни овластувања, за јавни функции, станува збор за службена должност, сето тоа се категории или функции што ги бира или Парламентот или извршната власт или судската власт. Значи, трите системи на власта.

Ако вие сега ја направите Антикорупциската комисија дел од тој апарат, не гледам дека постои можност или независност да се бори против самите корупливни елементи во системот во кој што сега ќе биде Антикорупциската комисија дел од тој систем. Да дадеме пример. Еве, Парламентот. Парламентот, во однос на она онака како што се предлага да биде професионален, Антикорупциската комисија професионализирана, е релативно независен или по Устав независен. Па, сепак нас не критикуваат дека сме гласачка машина, дека немаме поединечен интегритет за да можеме да кажеме не и за некои закони за кои што сметаме дека не се добри. Една од причините, не само што сме, на некој начин да кажеме врзани со Партиската програма, туку затоа што сме во системот во власта, дали е тоа законодавна и тешко е да се борите сами против себе. Тоа е една причина.

Втората причина или судството да го земеме, сега велиме дека судството е корумпирано. Генерално денеска околу тоа се води дебати да тоа судство биде независно. Одиме со независен буџет. Можеби тоа ќе ја оправи ситуацијата. Одиме со тоа да сите избори и разрешувања се тргнат од политичкото влијание, се тргнат од Парламентот, да постои одредено еснавско тело што ќе ги предлага или избира судиите или ќе ги разрешува. Сепак, тоа судство не успеа да изгради независност, затоа што е во системот. Затоа што има разни притисоци.

Со професионализацијата на Комисијата за борба против корупцијата ине го правиме тоа истото. Го вклучуваме во системот. Системот, по мене, може да се промени само од внатре и има историски примери каде системот самиот се менува ако има доволно критична маса од внатре. Но, во овој случај не е така. Со овој закон се определува буџет на тие професионални членови на Комисијата за корупција. Тоа

значи дека е директно зависна од Владата. Покрај тоа што овде ги избираме, тоа е еден вид на притисок или можеби партиска обоеност за што опозицијата често дискутира или ние кога бевме опозиција тоа го дискутиравме, вие сега имате и додатен притисок што може да дојде до извршната власт. А, извршната власт е сепак комплетно партиска. Коалициона или партиска. Значи и тој сегмент на независност, што сега постои само во делот на изборот, сега се губи.

Вие имате решение во овој закон каде што 5 години трае мандатот, а не прочитав некаде , дека како што е за пратениците професионални, дека му мирува работното место. Ве молам, секој човек кој после 5 години треба да продолжи да работи, ќе биде селективен за да си обезбеди работно место после тие 5 години мандат. Ќе биде селективен. Јас се согласувам во оние делови на законот каде што се збогатува можеби стручната служба за да им се олесни работава. Но, комплетно сум против професионализацијата, затоа што денешните членови, без разлика што направиле и како направиле имаат одредена економска независност. Имаат своја професија. И, ако имаат интегритет можат сите притисоци, на крајот на краиштата да ги решат со тоа што ќе дадат оставка и нормално егзистенцијата им е обезбедена бидејќи имаат професија, што исто така и кај нас парламентарците, но кај не се случува. Голем број на парламентарци можеби и го немаат тој интегритет бидејќи имаат некои други и не ги покажуваат, бидејќи имаат некои други, можеби други интереси.

Затоа предлагам да се разгледа уште еднаш за оваа професионализација и законот да оди во две фази. Јас ја гледам Комисијата за борба против или спречување на корупцијата, како независно тело што ќе ги идентифицира елементите, можеби ќе дава одредени свои размислувања, ќе ги обнародува, а за тоа  има инстиутуции кои тоа треба правно да го реализираат, односно да го доведат до крај. Затоа предлагам овој закон навистина да се носи во две фази. Значи уште еднаш да се размисли и да ни се даде можност, јас навистина немав можност заради многу ангажмани, амандмански да реагирам во тој дел. Инаку не сум лош прогнозер, но со ова решение за професионализација на антикорупциската комисија, ќе ја намалиме острицата на сабјата, на борбата против корупцијата, преку оваа Комисија.

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, би сакала да реплицирам на првата реченица од Вашето излагање, околу принципиелноста.

Принципиелноста во работењето, според мене значи работење во согласност со сите позитивни правни акти. Највисок правен акт за работа на Собранието е деловникот. И вие, господине претседателе, треба принципиелно, повторувам принципиелно, да го применувате од точка до точка. Само тогаш опозицијата ќе потврди дека вие принципиелно работите, а нема да ве обвинува дека сте непринципиелен. Тоа како прво.

Второ, јас принципиелно се согласувам со вас дека овој закон треба да оди во две фази.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Бидејќи јас од самиот почеток, реков дека не одговарам на реплики, ќе бидете ускратени со одговорот и затоа сега објавувам пауза за ручек и почнуваме во 14,00 часот. Благодарам.

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со расправата по 16-та точка и претставникот на Владата го молам да биде присутен.

Бидејќи потребните услови се обезбедени господине Стојановски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе.

Се надевам дека другите ќе слушаат барем преку медиумите, преку телевизијата, затоа што гледам дека присуството на колегите е исклучително мало, меѓутоа независно од тоа јас сакам да кажам неколку зборови по однос на потребата од донесување на овој закон и во однос, како е дојдено до оваа потреба. Факт е дека со донесувањето на Законот за спречување на корупцијата во април 2002 година, за прв пат се утврдени повеќе мерки за спречување на корупцијата, и дадена можност за формирање на комисија за борба против корупцијата и на тој начин Република Македонија направи прв конкретен чекор за справување со ова зло кое што однатре го разјадува општеството.

Сметам дека корупцијата претсавува едно општествено зло кое што најдиректно влијае на функционирањето и на институциите на системот и на развојот или стагнацијата или назадувањето на економијата во било која држава. Таа постои

секаде, меѓутоа, за жал во Република Македонија според сите показатели е многу високо присутна.

Измените на овој закон за спречување на корупцијата кој што го имаме денес на дневен ред претставуваат логична последица од искуствата кој што во периодот на дејствувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата се појавија како потреба и како еден начин за да се подобри нејзината позиција и нејзиното функционирање. Меѓутоа, сметам дека самото формирање на оваа комисија за борба против корупцијата, нејзината активност и нејзиниот ангажман да се покаже како добар чекор но не со конкретни резултати кои што значат ефект врз економијата врз Република Македонија. Затоа што борбата против корупцијата единствено може да се верификува преку економските показатели, односно намалувањето на корупцијата во државата се гледа преку економските резултати кој што ги покажува економијата во соодветната држава. Истовремено, имајќи го предвид за ефикасноста на судскиот систем, имајќи ја предвид оперативноста и вистинскиот професионален ангажман и работа на институциите на државата.

Во претходниот период, сметам дека Комисијата за борба против корупцијата направи обиди за да се постави како вистински независен орган во Републиука Македонија, меѓутоа факт е дека такви услови сеуште не постојат не само од законски аспект туку и од фактички аспект, и заради тоа имаме случаи каде што само 30% од претметите кои што ги третираше оваа комисија се решени, значи 70% од предметите не се решени. Имате ситуации во кој што во најголем дел од активностите, од барањата на Комисијата за спречување на корупцијата упатени до функционери, до раководители на државни институции и органи воопшто нема никаков одговор на тие барања, или пак воопшто не е постапено по нив. За таа цел секако дека ќе придонесат тие измени на Законот за спречување на корупцијата, со цел да се апострофира обврската на тие функционери, на тие раководители на институциите за давање на информации кои што се потребни во остварувањето на функциите на Државната комисија за спрчување на корупцијата.

Во однос на самата поставеност на државната комисија сметам дека зависноста или независноста на Комисијата зависи не само од нејзината законска профилираност и поставеност како посебна комисија во рамките на институциите на системот која што не треба да биде дел ниту на извршната власт, ниту на судскиот систем, ниту пак на законодавниот дом, туку да биде некоја посебна институција која што ќе влече ингеренции и надлежности согласно законите и Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, компатибилноста на оваа државна комисија и ингеренциите на

другите државни органи секако дека треба да биде предмет на посебна анализа, затоа што факт е дека оперативни можности за дејствување оваа Комисија практично и да нема. Нејзиното функционирање се сведува и на прибирање на анкетни листови од страна на функционерите кои што имаат согласно законот обврска да ги достават до таа комисија, одредени измени на тие анкетни анкетни листови и потоа врз основа или претставки од граѓани или други институции да се активира и да влијае на собирањето на податоците кои што утврдуваат постоење или непостоење на корупција, односно на кривично дело кое што претставува коруптивно однесување на извршителите.

Затоа,. за самата независна позиција на оваа Комисија пред се, треба да даде потврда нејзината активност во однос на корупцијата која што по логиката на нештата и по самата функција што ја вршат ја има во оние кои што ја вршат власта, а тоа секогаш е актуелната власт. Значи, независноста на оваа комисија може да се цени само преку предметите со кои што се третираат случаи на коруптивни однесувања од страна на припадници на актуелната власт, секако незапоставувајќи ги случаите на корупција кои што постоеле во претходниот период, меѓутоа на селективна основа. Затоа што навистина постои многу голема опасност, функционирањето на оваа Комисија или воопшто на борбата против корупцијата да се сведе на политичка пресметка, да се сведе на начин за пресметување на политиките противници во сопствената партија или на политичките противници кои што се во другите политички партии и на тој начин во целост се девалвира оваа вистинска потреба за заздравување на општеството во целина.

Сепак, и од страна на меѓународните организации кои што се занимаваат со оваа проблематика и од страна на домашните невладини организации и од страна на медиумите имате постојано укажување дека во Република Македонија корупцијата постои, дека ја има, се кажуваат индиции со конкретни примери за таков вид на однесување, меѓутоа факт е дека нешто не функционира во тој систем на утврдување на конкретната одговорност за овие појави. Дали за тоа некогаш полицијата ќе го обвини судството, дали ќе биде нападната Јавното обвинителство или законот не бил добар па сега слушаме дека Уставот не бил добар и тн.и тн., меѓутоа во секој случај факт е дека борбата за корупцијата бара ефикасност на институциите на системот и вистинско извршување на законските и уставните надлежности кои што ги има и Јавното обвинителство и судовите кои што треба да бидат најголемиот фактор за обезбедување на принципот на владеење на правото во државата, а истовремено квалитетот на извршувањето на нивните функции во

однос на државните институции и сите оние појави кои што доведуваат до навистина негативни последици, пред се на економски план, меѓутоа и во целина на функционирањето на системот на секоја држава, а за Република Македонија тоа е многу повеќе изразено.

Значи, целата дискусија сакам да ја насочам во правец, да решенијата кои што се во овој закон можат да бидат некои ставени под дилема, дали треба вака, или онака, меѓутоа, факт е дека сепак функционирањето на Државната комисија за борба против корупцијата сепак е има една почетна фаза, сеуште се појавува дилемата околу професионализацијата или непрофесионализацијата на нејзините членови. Ова особено се отвори после ситуацијата кога членот на Државната комисија за спречување на корупцијата госпоѓата Слаѓана Тасева стана директор на Полициската академија. Имаше обвинувања во однос на ангажманот како адвокат на сегашниот претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата господинот Јован Трпеновски, и сите тие ситуации сметам дека доведуваат до потреба децидно да биде во законот утврдено што е она што сака да се направи како вистинска организациона, кадровска, финансиска, материјална,и во однос на сите други и институции независна позиција на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Толку имам да кажам, се надевам дека ова ќе претсатвува една основа за реална, суштинска борба против корупцијата затоа што во досегашниот период слушаме многу убави зборови, дека ние се бориме многу против корупцијата, меѓутоа секогаш таа се зголемува. Факт е дека економијата, еве, за првите три месеци имаме пад од 3% на бруто националниот производ, што е факт дека оваа корупција директно влијае и на економските резултати на државата во целина.

И во самото експозе на премиерот беше кажано дека борбата против корупцијата и реформите во судскиот систем меѓу себе се зависни реформи или процеси кои се реализираат и на тој начин сметам дека единствено пристапот за неселективно, законски, уставно и професионално функционирање на институциите на системот во кој нема да се чувствуваат да бидат третирани и од Државната комисија за борба против корупцијата и од сите други институции кои се занимаваат со оваа проблематика и највисоките државни функционери ќе претставува вистински знак дека во РМ работите тргнале во позитивен правец. Затоа, уште еднаш ќе кажам ние сеуште вербално се бориме против корупцијата, меѓутоа суштински не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојаноски.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да пристапиме кон гласање по заклучокот.

Во салата се присутни 40 пратеници.

Десетте минути за кворум почнуваат да течат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, во салата има 57 пратеника, па за кворум ни требаат уште четири. (Чекање 10 минути на кворум).

Бидејќи истекува десеттата минута, ги молам службите да го утврдат бројот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Имаме кворум за работа и гласање.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, а во залата се 63 пратеника, 52 гласале за, 5 воздржани, 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандмани на член 26 и член 29, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандмани на член 20 став 2;  член 64 и на член 64 во новиот член 72-а.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 11 став 2; член 16 став 3; член 17 за менување на воведната реченица на став 1, став 2, за бришење на воведната реченица на став 3 и на став 3; член 19 во новиот член 16-а став 4; член 20 став 1; член 23 став 2; член 26; член 34 ставови 1,3 и 4; член 37 во

новиот член 36-а став 1 и 2; член 37, во новиот член 36-б став 1; член 47 во новиот член 48-б став 2; член 53 за додавање нова реченица на став 1 и на член 56 став 8.

Отворам претрес по амандманот на член 26, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе.

Амандманот се однесува на прецизирање на одредбата на текстот на законот, би можел да се прифати додека би се допрецизирал затоа што одредена категорија на лица кои не се именувани и избрани би останале надвор.

Со оглед на тоа што Законодавно-правната комисија имаме веќе амандман кои ние како Влада ќе го прифатиме по однос на подобрување на текстот на законот.

Овој амандман не може како таков да биде прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Јашари имате збор.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам господине претседател, тоа што го рече министерот, поаѓајќи од фактот што и ЗПК реагираше со амандман во истата одредба на овој Предлог-текст, јас ги повлекувам двата амандмани кои ги предложив. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи првиот и вториот амандман ги повлекувате.

Амандманот е повлечен.

Амандманот 29, поднесен од пратеникот Аднан Јашари исто така е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 2, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 во новиот член 72-а, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа и со овој амандман се исправа техничката грешка што била во законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот. Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17, за менување на воведната реченица на став 1, став 2, за бришење на воведната реченица на став 3 и на став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19, во новиот член 16-а став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 ставови 1,3 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 во новиот член 36-а став 1 и на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 во новиот член 36-б став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 во новиот член 48-в став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

И овој амандман се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 за додавање нова реченица на став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 8, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 54 за, нема воздржан, 1 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

Бидејќи во времето на гласањето имавме 58 присутни, гласањето е поништено, сега сме 60, десетте минути почнуваат да течат за кворум.

По моја проценка сега имама 61 пратеник, службите нека го утврдат бројот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да го повториме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата.

Преминуваме на 17-та точка од дневниот ред: **Барање за давање на автентично толкување на членовите 121-в и 123, а во врска со членот 121-а од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Емилија Костадинова.**

Барањето и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членовите 121-в и 123, а во врска со член 121-а од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Емилија Костадинова не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овие членови од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно зо Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Емилија Костадинова.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, 56 гласале од кои 55 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 70-та седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 14,40 часот.